Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), **Градоначалникот на општина Карпош**, на ден 21.05.2025година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена А3.3 – згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица на дел од КП бр.622/1 и дел од КП бр.622/2 КО Бардовци Општина Карпош кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24 и 40/25) не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Карпош www.karpos.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена А3.3 – згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица на дел од КП бр.622/1 и дел од КП бр.622/2 КО Бардовци Општина Карпошш нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план треба да се изработи согласно Член 58 став 6 од Законот урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24 и 40/25) и Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25) и истиот нема да има негативни влијанија врз околината и животната средина .

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Органот на државната управа надлежен за работите во областа на животната средина во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 11- 401/6 од 21.05.2025 год,
с.р
Место Скопје

Име и презиме

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена А3.3 – згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица на дел од КП бр.622/1 и дел од КП бр.622/2 КО Бардовци Општина Карпош |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Друштво за проектирање, инженеринг, консалтинг, производство и трговија увоз-извоз ЏОН И ЏОНИ ДОО Прилеп, Подружница Скопје |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Општина Карпош - Скопје |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Кузманоска Наташа , дипл.инж.арх, овластување бр. 0.0117<br>Никоска Васе дипл.инж.арх, овластување бр.0.0176 |
| Назив на работното место | Дипломиран инженер архитект - планер потписник |
| Контакт податоци за лицето | / |

<table>
<tr><th colspan="4">Основни податоци за планскиот документ</th></tr>
<tr><td colspan="4">Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)</td></tr>
<tr><td colspan="4">Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 32/20, 111/23,73/24 171/24 и 40/25), Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25)</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?</td></tr>
<tr><td colspan="4">Да☒<br>Не☐</td></tr>
<tr><td colspan="4">Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?</td></tr>
<tr><td colspan="4">Предмет на изработка ќе биде оформување на нова градежна парцела согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, одредување на катноста на градбата, површината за градба, компатибилните намени и сообраќајните пристапи, согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање за ваков тип на објекти до оформена градежна парцела, , чија површина изнесува 2264,36m2 или 0,23ха.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.</td></tr>
<tr><td colspan="4">не</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)</td></tr>
<tr><td>Да ☐<br>Не ☒</td><td>Член:</td><td>Точка:</td><td>Алинеја:</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.</td></tr>
<tr><td colspan="4">не</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.</td></tr>
<tr><td colspan="4">не</td></tr>
<tr><td colspan="4">Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Предмет на изработка е оформување на нова градежна парцела. За предметниот опфат нема одобрена претходна урбанистичка документација. Предметниот простор е опфатен со опфат за кој се издадени се Услови за планирање на просторот со намена семејни куќи за времен престој - викенд куќи, КО Бардовци, Општина Карпош, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со техн. бр. Y52122 од декември 2022 год., за кои Услови е издадено и Решение за Услови за планирање на просторот од Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. УП1-15 2362/2022 од 07.12.2022 год. Предметниот опфат зафаќа единствено дел од подрачјето за кое претходно се издадени овие Услови за планирање на просторот.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)</td></tr>
<tr><td colspan="4">Просторно и урбанистичко планирање</td></tr>
<tr><td colspan="4">Периодот за донесување на планскиот документ.</td></tr>
</table>

| |
|---|
| Неопределено |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| Не е предвидено. |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Од јужната страна непосредно до опфатот се наоѓа КП бр.622/11 КО Бардовци, која претставува влез и пристап до планираниот опфат, како и воедно пристап до соседни катастарски парцели. Со планирањето на проектниот опфат и формирањето на градежната парцела, овој пристапен пат ке биде проширен до минимално можниот профил од 5,5м., во согласност со законските одредби, заради обезбедување на непречено одвивање на двонасочен сообраќај, а проширувањето ќе се изврши на јужниот дел од двете КП бр. 622/1 и КП бр.622/2 КО Бардовци. односно делови од наведените КП ќе се планираат како земјиште за општа употреба, (надвор од планираната градежната парцела) со намена Е1.1 – Сообраќајни и патни инфраструктури, а во планскиот опфат. Делот од КП 622/1 кој е зафатен со профилот на собирната улица 13, како што е планирана со ГУП на Град Скопје 2012-2022 и со соседниот УПС Бардовци, со овој урбанистички проект ќе се планира како земјиште за општа употреба (надвор од планираната градежна парцела), со намена Е1.1- Сообраќајни и патни инфраструктури, во планскиот опфат. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Изградбата на планираните објекти во рамките на планскиот опфат се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, и во крајна мера обезбедување на комунален надоместок кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот. Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација на објектите се проценуваат како не многу значајни, но со долгорочен карактер, имајќи го предвид фактот дека планираните објекти долгорочно ќе опстојуваат на оваа локација. Во фазата на експлоатација на објектите се очекува фреквенција на возила, со што се очекува зголемување на количината на издувани гасови во воздухот, зголемено ниво на бучава, а на самата локација и зголемена продукција на различни видови на отпад. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | Нема |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | континуирано влијание но не и зголемено врз животната средина. (Прилог синтезен план) Урбанистичко решение за проектен опфат. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Ризиците се предвидени и за истите се предвидуваат мерки за заштита. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | На површина од планскиот опфат од 0,23 ха, не се предвидува зголемување бројот на жители. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Со планскиот документ кој што се донесува се предвидува позитивен ефект врз економските и социјалните фактори. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>При изработката на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасната контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. | |
| Посебни природни | Нема |

| | |
|---|---|
| карактеристики или културно наследство | |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Нема |
| Интензивна употреба на земјиштето | Нема |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Планскиот документ кој ќе се спроведува има законска рамка и со него се планираат локациските услови (оформување на урбанистичка и архитектонска целина).

Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):

Во графичкиот прилог се дадени симболи за соодветни намени на просторот а тоа се следните:

Група на класи со намени

– А - Градби за домување и престој на луѓе Класа на намена

– А3 – Градби за заедничко домување

Намена - А3.3 – згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:
(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)

Со планскиот документ дополнително не се оптеретува животната средина бидејќи за истиот се предвидуваат мерки и активности за намалувањето на влијанието врз животната средина.

Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.
(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)

Нема

Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.

Бидејќи се работи за локација, за која не постои урбанистички план, т.е. истата е лоцирана во просторен план, планскиот опфат се однесува само на предметната

| | |
|---|---|
| локација и нема претходна документација на која би можела да влијае | |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ не биле предмет на оцена во поранешната фаза на донесување на други плански документи | |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Пред изградба на поединечните проекти/ објекти, кои влегуваат во состав на УП ќе се оцени потребата од изработка на Студија за оцена на влијание на објектите врз животната средина/ Елаборат за заштита на животната средина. | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | .Градоначалник на општина Карпош- Стевчо Јакимовски |
| Датум 21.05.2025 год.<br>Место Скопје | М.П. |




| Парцелација на земјиште во преоктен опфат | група на класа намени | класи на намени | поединечна намена на градбите | површини | површина за градење |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | м² | м² |
| 1. ГП.1 | А | А3 | А3.3 - згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица | 2029,13 | 449,50 |
| 2.Земјиште за општа употреба | Е | Е1 | Е1.1 – Сообраќајни и патни инфраструктури | 235,23 | |
| **проектен опфат** | | | **ВКУПНО** | **2264,36** | **449,5** |

Caption: ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ НА ГРАДБИТЕ ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ СО ПОВРШИНА ОД 2264,36 м²

**ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ НА ГРАДБИ ВО ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ГП1**

| Нумерација на ГП | Површина на ГП | Нумерација на површини во ГП | намена на површини | планирана висина на венец | катност | површина за градење /м2/ | бруто површина за градба /м2/ | процен на изграденост на земјиште | коефициент на искористување на земјиштето |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГП 1 | 2029,13 | **1.1** | А3.3 - згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица | **12** | **П+3** | 437,50 m2 | 1750,00 m2 | 21,56% | 0,86 |
| | | **1.2.** | Е1.8 – Трансформаторски станици | **4** | **П** | 12,00 m2 | 12,00 m2 | 0,59% | 0,01 |
| **Вкупно градежна парцела ГП 1 :** | | | | | | **449,50 m2** | **1762,00 m2** | **22,15%** | **0,87** |

**ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ ВО ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ГП1**

| Површина на ГП | нумерација | намена на површини | површина /м2/ | процентуална застапеност |
|---|---|---|---|---|
| 2029,13 | **1.** | Внатрешен сообраќај | 752,36 m2 | 37,08% |
| | **2.** | Зеленило | 697,27 m2 | 34,36% |
| | **3.** | Паркинг простор | 130,00 m2 | 6,41% |
| | Вкупна површина на партер | | **1579,63 m2** | **77,85%** |

## ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГРАНИЦИ НА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ИСИНА НА ВЕНЕЦ
- ВИСИНА ПО КАТОВИ
- ГП 1. НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- i=0.8% L=21.70m НИВЕЛАЦИЈА
- 275.20 ВИСИНСКА КОТА ВО М.Н.В.

### ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА:

- А - ГРАДБИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ

### КЛАСА НА НАМЕНА:

- А.3. А3 - Градби за заедничко домување

### ПОЕДИНЕЧНА НАМЕНА:

- А.3.3. ЗГРАДИ ЗА ПРЕСТОЈ НА ПЕНЗИОНЕРИ, СТАРИ И НЕМОЌНИ ЛИЦА
- Е1.1. СООБРАЌАЈНИ И ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ
- Е1.8. ТРАНСФОРМАТОРСКА СТАНИЦА
- СИМБОЛИЧНА ПРЕТСТАВА НА ПЛАНИРАНА ТРАНСФОРМАТОРСКА СТАНИЦА

### ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНИЦА:

- ПРИСТАПЕН ПАТ
- ВНАТРЕШЕН СООБРАЌАЈ
- ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈ
- ЗЕЛЕНИЛО ВО ГП

ВЛЕЗ ВО ГП 1

- КОЛСКИ ПРИСТАП
- ПЕШАЧКИ ПРИСТАП
- ВЛЕЗ ВО ОБЈЕКТ 1.1
- ВЛЕЗ ВО ОБЈЕКТ 1.2
- Еднонасочен сообраќај за ПП возила

**ПЛАНИРАНИ СООБРАЌАЈНИ И ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ ВО ПРОЕКТЕН ОПФАТ НАДВОР ОД ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА**

2.земјиште за општа употреба (надвор од градежни парцели) со намена
Е 1.1. СООБРАЌАЈНИ И ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ
П- 235,23 м2 СОСТАВЕНА ОД :

1. ДЕЛ ЗА СОБИРНА УЛИЦА „13„ со ГУП на Град Скопје со УПС Бардовци П-137.23м2
2. ДЕЛ ЗА ПРИСТАПЕН ПАТ ширина 5.5 м П- 98.0 м2

# УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СО НАМЕНА А3.3- ЗГРАДИ ЗА ПРЕСТОЈ НА ПЕНЗИОНЕРИ, СТАРИ И НЕМОЌНИ ЛИЦА на дел од КП бр.622/1 и дел од КП бр.622/2 КО Бардовци Општина Карпош

**ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ- П- 2264,36 м2**




M=1:500

40 80m


ИЗРАБОТУВАЧ : **ДПИК Џон и Џони Прилеп - Подружница Студио Џон и Џони Скопје број на лиценца 0.060**

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:

НАТАША КУЗМАНОСКА, дипл.инж.арх.
ов.бр.0.0117


ИНВЕСТИТОР: Вујовска Драгица и Јовановски Горанчо

| ФАЗА: | УРБАНИЗАМ |
|---|---|

прилог:

УРБАНСИТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

УПРАВИТЕЛ: **НАТАША КУЗМАНОСКА**

| ТЕХ.БР.: | МЕСТО: | ДАТА: | РАЗМЕР: | БРОЈ НА ЛИСТ |
|---|---|---|---|---|
| 426/23 | СКОПЈЕ | 03.2025 | 1:500 | 4 |